РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 20.12.2024 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 03 | 5174/1 | | |


**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** Трговско друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица

3. **Датум на извршување на надзорот:** 20 декември 2024 година

4. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 62 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, според кој *„За обезбедување на телевизиско или радио емитување покрај условите и обврските пропишани во овој закон, радиодифузерот треба да исполнува посебни минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови во зависност од програмскиот формат, пропишани со подзаконски акт донесен од страна на Агенцијата"*; и

   - **Член 21 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување** (Пречистен текст, бр. 01-3953/1 од 31.10.2023 година), според кој *„Имателот на дозволата за телевизиско емитување на програмски сервис од општ формат е должен во редовен работен однос, да има најмалку: ...5 (пет) лица кои учествуваат во создавањето на програмата, ако има дозвола за емитување програма на регионите: Д1-Црн Врв – Велес, Д2-Страцин, Д3-Туртел, Д4-Боскија, Д5-Пелистер, Д6-Мали Влај и Д8-Попова Шапка"* и *„Одговорниот уредник на програмскиот сервис и од општ и од специјализиран формат треба да биде во редовен работен однос"*.

5. **Претходно изречена мерка:** Покрената е постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица, врз основа на Предлог УП1 бр.08-331 од 11.12.2024 година.

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица не ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и

телевизиско емитување, односно одговорниот уредник не е во редовен работен однос и со полно работно време ангажиран во радиодифузерот.

**Образложение:** На 13.09.2024 година, Агенцијата испрати допис (наш бр. 03-3751/1) до ТДР ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица, со кој побара во рок од седум дена од денот на приемот на дописот да достави документи (Пријави/Одјави во задолжително социјално осигурување – Образец М1/М2, издадени од Агенцијата за вработување на РСМ) од кои ќе може да се констатира дека ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот. Дописот беше примен од страна на радиодифузерот на 17.09.2024 година, а рокот за доставување на документите истече на 24.09.2024 година. Бидејќи заклучно со 28.10.2024 година радиодифузерот не ги достави потребните документи, Агенцијата повторно писмено се обрати до него (допис бр. 03-4455/1 од 29.10.2024 година) и побара истите да ги достави во рок од седум дена од денот на приемот на овој допис, кој исто така беше уредно примен од страна на радиодифузерот.

На 31.10.2024 година, ТДР ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица достави до Агенцијата Пријави/Одјави во задолжително социјално осигурување (Обрасци М1/М2) за пет лица вработени во телевизијата. Од доставените документи беше видно дека одговорниот уредник не е во редовен работен однос и со полно работно време ангажиран во радиодифузерот, што е спротивно на претходнонаведениот правилник. Ова беше потврдено и во телефонски разговор на стручната служба на Агенцијата со лице ангажирано во телевизијата, на кое му беше посочено дека е потребно да се исполни и оваа обврска за да се потврди дека радиодифузерот ги исполнува минималните кадровски услови.

Заклучно со 05.12.2024 година ТДР ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица не достави до Агенцијата документи за одговорниот уредник, поради што на 06.12.2024 година беше извршен редовен административен надзор (Писмен извештај за извршен административен надзор бр. 03-5048/1 од 06.12.2024 година), со кој беше констатирано дека радиодифузерот не ги исполнува минималните кадровски услови, односно дека одговорниот уредник не е во редовен работен однос и со полно работно време ангажиран во телевизијата. Имајќи го предвид ова, на 11.12.2024 година директорот на Агенцијата достави до Советот предлог (УП1 бр. 08-331) за покренување постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТДР ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица, за што беше пратено Известување и до радиодифзуерот - по пошта и по електронски пат (Известување УП1 бр. 08-331 од 13.12.2024 година). За покренатата постапка стручната служба на Агенцијата телефонски го извести и еден од сопствениците на оваа телевизија.

7. **Предлог мерка:** Со оглед на фактот дека ТДР ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица не ја исполни обврската од член 62 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 21 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (Пречистен текст бр. 01-3953/1 од 31.10.2023 година), а имајќи го предвид членот 82 став 1 алинеја 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, според кој Агенцијата ќе ја одземе дозволата за телевизиско или радио емитување пред истекот на рокот за којшто е издадена и ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери по претходно доставено писмено известување, доколку по издавањето на дозволата настанат околности што претставуваат законски пречки за имателот на дозволата да ја врши дејноста, согласно одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се дава следната предлог мерка:

- Советот да донесе одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското друштво за радиодифузија ТВ-КАНАЛ ВИС ДООЕЛ Струмица.